28 мај 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1586.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „COMBINED RESOLVE XII“, ВО СОЈУЗНА РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА**

1. За учество во вежбовната активност „COMBINED RESOLVE XII”, која ќе се одржи во Сојузна Република Германија, во периодот од 8-29 август 2019 година, се

испраќаат 50 (педесет) припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување и исхрана ги обезбедува Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија, а дневниците за службено патување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4041/1 Заменик на претседателот
28 мај 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1587.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 мај 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „ALBANIAN EFFORT 19“, ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**

1. За учество во вежбовната активност „ALBANIAN EFFORT 19“, која ќе се одржи во Република Албанија, во периодот од 9-17 септември 2019 година, се испраќаат 9 (девет) припадници на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Финансиските трошоци за транспорт, сместување, исхрана и дневниците за службено патување на припадниците на Армијата ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките и организацијата на припадниците на Армијата, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4042/1 Заменик на претседателот
28 мај 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**1588.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – МАКЕДОНСКИ БРОД**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Македонски Брод, се именува Даниела Максимовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-4242/1 Заменик на претседателот
28 мај 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

---

**1589.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ПЕХЧЕВО**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево, се именува Ивана Костовска.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24-4243/1 Заменик на претседателот
28 мај 2019 година на Владата на Република
Скопје Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.

**1590.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 мај 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ – ВЕВЧАНИ**

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Вевчани, се именува Славко Плушкоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24-4244/1
28 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**1591.**

Врз основа на член 27-б став 4, а во врска со став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 , 23/13 и 140/18), министерот за правда донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА РЕДОВНО ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ**

Запирањето на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија на политичките партии во Одлуката број 11-2609/2 од 25.4.2018 година престанува да важи за политичката партија:

- НОВА АЛТЕРНАТИВА (не се доставени: извештај од регистар на примени донации/член 25, годишна сметка/член 26 и годишен финансиски извештај/член 27).

Оваа одлука е конечна и истата ќе се објави во „ Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно член 27-б став 6 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 , 23/13 и 140/18).

О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Одлуката за запирање на исплатата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија објавена во “ Службен весник на Република Македонија” број 76/18 од 27.4.2018 година, Државниот завод за ревизија достави допис број 25-11/39 од 2.4.2019 година со барање за запирање на забраната на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање на политичката партија Нова Алтернатива која ги исполнила обврските за финансиско известување за 2017 година.

Државниот завод за ревизија достави известување дека политичката партија Нова Алтернатива ги исполнила целосно своите обврски за финансиско известување за 2017 година.

Со оглед дека наведената политичката партија ги исполнила условите за запирање на забраната за исплата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија, па согласно член 27–б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12, 23/13 и 140/18), се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука политичката партија може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавување на истата во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-2199/2
30 мај 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

**1592.**

Врз основа на член 5 став 3 и член 13 став 1 алинеја 1 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018) Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 3.6.2019 година, донесе

**С Т А Т У Т А Р Н А  О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“**

Член 1

Во Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/2015 и 205/2018) насловот пред член 4 се менува и гласи: „Печат и штембили“. Член 4 се менува и гласи:

(1) „Академијата има печат кој е со тркалезна форма и два штембили, приемен и излезен штембил кои се со правоаголна форма.“

(2) „Печатот го содржи името Република Северна Македонија, грбот на Република Северна Македонија, називот и седиштето на Академијата и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.“

(3) „Приемниот штембил го содржи името Република Северна Македонија, називот и седиштето на Академијата, место за запишување на датумот на прием на писменото, организациската единица, деловоден број, број на прилози кон писменото и вредност и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.“

(4) „Излезниот штембил го содржи името Република Северна Македонија, грбот на Република Северна Македонија, називот и седиштето на Академијата, место за запишување на датумот на излез на писменото и деловоден број и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.“

Член 2

Во член 10 став 1 по алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

- „го усвојува извештајот на Комисијата за ревизија за секој одржан испит“;

Алинеја 5 станува алинеја 6.

Член 3

По член 42 се додава нов наслов кој гласи:

„Правична застапеност на кандидатите за прием во почетната обука“

Под насловот се додава нов член 42а кој гласи

(1) „При селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.“

(2) „Соодветната и правична застапеност се обезбедува со претходно утврдување на посебна квота за припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, сметано од вкупниот број на слободни места за судии и јавни обвинители утврден во јавниот оглас за прием во почетна обука, а кој број се определува од страна на Управниот одбор за секој нов упис посебно.“

(3) „Управниот одбор ја определува квотата од став 2 на овој член, земајќи ги претходно предвид официјалните статистички показатели.“

(4) „Пополнувањето на слободните места определени според квотата, при приемот на кандидатите во почетната обука ќе се раководи по принципот на постигнатиот успех на добиената завршна оценка од положениот приемен испит, а кое пополнување ќе се рангира во рамки на секоја предвидена квота посебно.“

(5) „Доколу во определените квоти од став 3 на овој член не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат законските услови или не го положиле приемниот испит, слободните места се пополнуваат од останатите кандидати кои ги исполнуваат условите според рангирањето на нивната завршна оценка.“

Член 4

Во член 46 по ставот 7 се додаваат три нови става кои гласат:

(8) „Член на Комисијата за приемен испит кој има состојба на судир на интереси, има обврска да се изземе од процесот на одлучување по пријави, приговори и жалби“.

(9) „Член на Управниот одбор кој има состојба на судир на интереси, има обврска да се изземе од процесот на одлучување по жалби.“

(10) „Член на Комисијата за ревизија на одржаните испити кој има состојба на судир на интереси има обврска да се изземе во постапувањето.“

Член 5

Во член 47 став 2 по зборовите “полагањето на“ зборовите „квалификацискиот тест“ се заменуваат со зборовите „тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), како прв дел од приемниот испит“.

По став 4 се додава став 5 кој гласи: „Секој дел од приемниот испит кој се состои од тест за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), квалификациски тест, психолошки тест, тест за интегритет и испит, е елиминаторен“.

Член 6

По член 47 се додава нов член 47а кој гласи:

(1) „Тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) е анонимен и се полага писмено по електронски пат со одговарање на 100 прашања во вид на решавање на електронски тест пред компјутер, кои се од областа на граматиката, разбирањето и вештината на изразување на странскиот јазик кој кандидатот го избрал да го полага (ниво Б1).“

(2) „Анонимноста на тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) се обезбедува со компјутерско шифрирање.“

(3) „Резултатите од тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) му се достапни на кандидатот, на компјутерот на кој го полага тестот, веднаш по неговото завршување, а се објавуваат и на официјалната интернет-страница и на огласната табла на Академијата по завршувањето на тестирањето.“

Член 7

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на интернет страницата на Академијата.

| | |
|---|---|
| Бр.02-257/4 | Претседател |
| 3 јуни 2019 година | на Управен одбор, |
| Скопје | **Сашо Рајчев,** с.р. |

**1593.**

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 и член 66 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018) Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 3.6.2019 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ПРИЕМЕН ИСПИТ ВО АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“**

Член 1

Во Правилникот за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ („Службен весник на Република Македонија“ број 77/2015 и 195/2015) во член 5 став 1 по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи „Наведување на кандидатот кој од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) ќе го полага“. Алинејите 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат алинеи 5, 6, 7, 8 и 9.

Член 2

Во член 5 алинеја 7 која станува алинеја 8, по зборовите „полагање на“ се додаваат зборовите „тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски)“ и се става запирка.

Член 3

Во член 6 став 3 зборовите „форма на“ се заменуваат со зборовите „оргинал или“.

Член 4

Во член 7 по став 10 се додаваат три нови става кои гласат:

(11) „Член на Комисијата за приемен испит кој има состојба на судир на интереси, има обврска да се изземе од процесот на одлучување по пријави, приговори и жалби.“

(12) „Член на Управниот одбор кој има состојба на судир на интереси, има обврска да се изземе од процесот на одлучување по жалби.“

(13) „Член на Комисијата за ревизија на одржаните испити кој има состојба на судир на интереси има обврска да се изземе во постапувањето.“

Член 5

Во член 8 став 2 по зборовите „полагањето на“ зборовите „квалификацискиот тест“ се заменуваат со зборовите „тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски)“.

Член 6

Во член 9 став 3 зборовите „најновите измени на“ се бришат.

Член 7

Во членот 10 став 1 се додава нова алинеја 1 која гласи „тест за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски)“ и се става запирка.

Алинеите 1, 2, 3 и 4 стануваат алинеи 2, 3, 4 и 5.

По ставот 1 се додава став 2 кој гласи: „Секој дел од приемниот испит е елиминаторен.“

Член 8

По член 10 се додава нов наслов кој гласи:

„Правична застапеност на кандидатите за прием во почетната обука“

Под насловот се додава нов член 10а кој гласи:

(1) „При селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.“

(2) „Соодветната и правична застапеност се обезбедува со претходно утврдување на посебна квота за припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, сметано од вкупниот број на слободни места за судии и јавни обвинители утврден во јавниот оглас за прием во почетна обука, а кој број се определува од страна на Управниот одбор за секој нов упис посебно.“

(3) „Управниот одбор ја определува квотата од став 2 на овој член, земајќи ги претходно предвид официјалните статистички показатели.“

(4) „Пополнувањето на слободните места определени според квотата, при приемот на кандидатите во почетната обука ќе се раководи по принципот на постигнатиот успех на добиената завршна оценка од положениот приемен испит, а кое пополнување ќе се рангира во рамки на секоја предвидена квота посебно.“

(5) „Доколу во определените квоти од став 3 на овој член не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат законските услови или не го положиле приемниот испит, слободните места се пополнуваат од останатите кандидати кои ги исполнуваат условите според рангирањето на нивната завршна оценка.“

Член 9

По главата VII се додава нова глава VIIа со наслов „Тест за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски).“ Се додава нов член 11а кој гласи:

(1) „Тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) содржи 100 прашања кои се од областа на граматиката, разбирањето и вештината на изразување на странскиот јазик кој кандидатот го избрал да го полага.“

(2)„Секое прашање содржи три можни одговори од кои еден е точен.“

(3)„Точниот одговор носи 1 бод.“

(4)„Тестот е положен доколку се освојат најмалку 55 бода.“

(5)„Против резултатите од тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) не е дозволен посебен приговор.“

Член 10

Во член 14 став 2, втората реченица се брише.

Член 11

Во член 25 во став 2 по зборот „положиле“ се додаваат зборовите „тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски)“ и се става запирка.

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на интернет страницата на Академијата.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-257/5 | Претседател |
| 3 јуни 2019 година | на Управен одбор, |
| Скопје | **Сашо Рајчев,** с.р. |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019115

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 115** **6 јуни 2019, четврток** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои се придржува/прифаќа Република Северна Македонија на покана на ЕУ

СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 7. | **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/25 на Советот од 8 јануари 2019 година за изменување и ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1084….. | 2 |
| 8. | **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/135 на Советот од 28 јануари 2019 година за изменување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки против одредени лица и субјекти со оглед на состојбата во Тунис……………………….. | 12 |
| 9. | **Одлука** за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/86 на Советот од 21 јануари 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје………………………………………. | 17 |

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**7.**

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр.190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 мај 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СОГЛАСНО ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2019/25 НА СОВЕТОТ ОД 8 ЈАНУАРИ 2019 ГОДИНА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И АЖУРИРАЊЕ НА СПИСОКОТ НА ЛИЦА, ГРУПИ И СУБЈЕКТИ КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ЧЛЕНОВИТЕ 2, 3 И 4 ОД ЗАЕДНИЧКИОТ СТАВ 2001/931/ЗНБП ЗА ПРИМЕНА НА СПЕЦИФИЧНИ МЕРКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ И ЗА УКИНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА (ЗНБП) 2018/1084

Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/25 на Советот од 8 јануари 2019 година за изменување и ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1084.

Член 2

Оваа одлука се однесува на меѓународни рестриктивни финансиски мерки.

Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управа за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Одлуката (ЗНБП)2019/25 на Советот од 8 јануари 2019 година за изменување и ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП)2018/1084, во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3663/1
28 мај 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска Јанковска,** с.р.

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2019/25 НА СОВЕТОТ

**од 8 јануари 2019 година**

**за изменување и ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1084**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 27 декември 2001 година, Советот го донесе Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП ([1]).

(2) На 30 јули 2018 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2018/1084 ([2]) за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП („списокот“).

(3) Во согласност со член 1(6) од Заедничкиот став 2001/931/ЗНПБ, неопходно е редовно да се прегледуваат имињата на лицата, групите и субјектите на списокот за да се осигури дека има основа за истите да останат на списокот.

(4) Оваа одлука го утврдува резултатот од прегледот што го изврши Советот во однос на лица, групи и субјекти на кои се применуваат членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП.

(5) Советот потврдил дека надлежните органи наведени во член 1(4) од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП, донесоа одлуки во однос на сите лица, групи и субјекти наведени на списокот дека тие се вклучени во терористички акти во рамки на значењето на член 1(2) и (3) од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП. Советот, исто така, заклучи дека лицата, групите и субјектите на кои се применуваат членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП треба да продолжат да подлежат на специфичните рестриктивни мерки предвидени во истиот.

(6) Советот утврди дека дополнителни две лица и еден субјект се вклучени во терористички акти во рамки на значењето на член 1(2) и (3) од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП, дека надлежен орган во рамки на значењето на член 1(4) од тој заеднички став во однос на нив донел одлука и дека тие лица и субјект треба да се додадат на списокот на лица, групи и субјекти за кои се применуваат членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП.

(7) Списокот треба соодветно да се ажурира и Одлуката (ЗНБП) 2018/1084 треба да се укине,

---

[1] Заеднички став 2001/931/ЗНБП на Советот од 27 декември 2001 година за примена на специфични мерки за борба против тероризмот (Сл. весник L 344, 28.12.2001 година, стр. 93).

[2] Одлука (ЗНБП) 2018/1084 на Советот од 30 јули 2018 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2018/475 (Сл. весник L 194, 31.7.2018 година, стр. 144).

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Списокот на лица, групи и субјекти на кои се применуваат членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП е утврден во анексот кон оваа одлука.

*Член 2*

Се укинува Одлуката (ЗНБП) 2018/1084.

*Член 3*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Брисел, 8 јануари 2019 година.

*За Советот*

*Претседател*

Г. ЧАМБА

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

АНЕКС

Список на лица, групи и субјекти наведени во член 1

I. ЛИЦА

1. АБДОЛАХИ Хамед (познат како Мустафа Абдулахи) (ABDOLLAHI Hamed (a.k.a. Mustafa Abdullahi)), роден на 11.8.1960 година во Иран. Број на пасош: D9004878.

2. АЛ-НАСЕР, Абделкарим Хусеин Мохамед (AL-NASSER, Abdelkarim Hussein Mohamed), роден во Ал Ихса (Саудиска Арабија), граѓанин на Саудиска Арабија.

3. АЛ ЈАКОУБ, Ибрахим Салих Мохамед (AL YACOUB, Ibrahim Salih Mohammed), роден на 16.10.1966 година во Тарут (Саудиска Арабија), граѓанин на Саудиска Арабија.

4. АРБАБСИАР Мансоор (познат како Мансоур Арбабсиар) (ARBABSIAR Manssor (a.k.a. Mansour Arbabsiar)), роден на 6.3.1955 година или 15.3.1955 година во Иран. Државјанин на Иран и САД. Број на пасош: C2002515 (Иран); Број на пасош: 477845448 (САД). Број на национална лична карта: 07442833, датум на истекување на важност: 15.3.2016 (возачка дозвола од САД).

5. АСАДИ Асадолах (ASADI Assadollah), роден на 22.12.1971 година во Техеран (Иран), државјанин на Иран. Број на ирански дипломатски пасош: D9016657.

6. БОУЈЕРИ, Мохамед (познат како Абу ЗУБАИР, познат како СОБИАР, познат како Абу ЗОУБАИР (BOUYERI, Mohammed (a.k.a. Abu ZUBAIR, a.k.a. SOBIAR, a.k.a. Abu ZOUBAIR)), роден на 8.3.1978 година во Амстердам (Холандија).

7. ЕЛ ХАЈЈ, Хасан Хасан (EL HAJJ, Hassan Hassan), роден на 22.3.1988 година во Загдраија (Zaghdraiya), Сидон, Либан, граѓанин на Канада. Број на пасош: JX446643 (Канада).

8. ХАШЕМИ МОГАДАМ Саид (HASHEMI MOGHADAM Saeid), роден на 6.8.1962 година во Техеран (Иран), државјанин на Иран. Број на пасош: D9016290, со важност до 4.2.2019 година.

9. ИЗЗ-АЛ-ДИН, Хасан (познат како ГАРБАЈА, Ахмед, познат како СА-ИД, познат како САЛВАН, Самир (IZZ-AL-DIN, Hasan (a.k.a. GARBAYA, Ahmed, a.k.a. SA-ID, a.k.a. SALWWAN, Samir), Либан, роден во 1963 година во Либан, граѓанин на Либан.

10. МЕЛИАД, Фарах (MELIAD, Farah), роден на 5.11.1980 година во Сиднеј (Австралија), граѓанин на Австралија. Број на пасош: M2719127 (Австралија).

11. МОХАМЕД, Калид Шаик (познат како АЛИ, Салем, познат како БИН КАЛИД, Фахд Бин Адбалах, познат како ХЕНИН, Ашраф Рефаат Набит, познат како ВАДООД, Калид Адбул) (MOHAMMED, Khalid Shaikh (a.k.a. ALI, Salem, a.k.a. BIN KHALID, Fahd Bin Adballah, a.k.a. HENIN, Ashraf Refaat Nabith, a.k.a. WADOOD, Khalid Adbul)), роден на 14.4.1965 година или 1.3.1964 година во Пакистан, број на пасош: 488555.

12. ШАНЛИ, Далокај (познат како Синан (ŞANLI, Dalokay (a.k.a. Sinan),) роден на 13.10.1976 година во Пулумур (Pülümür) (Турција).

13. ШАХЛАИ Абдул Реза (познат како Абдол Реза Шала'и, познат како Абд-Ал Реза Шалаи, познат како Абдореза Шахлаи, познат како Абдолреза Шахла'и, познат како Абдул-Реза Шахлаее, познат како Хаџ Јусеф, познат како Хаџи Јусиф, познат како Хаџи Јасир, познат како Хаџи Јусиф, познат како Јусуф Абу-ал-Карк) (SHAHLAI Abdul Reza (a.k.a. Abdol Reza Shala'i, a.k.a. Abd-al Reza Shalai, a.k.a. Abdorreza Shahlai, a.k.a. Abdolreza Shahla'i, a.k.a. Abdul-Reza Shahlaee, a.k.a. Hajj Yusef, a.k.a. Haji Yusif, a.k.a. Hajji Yasir, a.k.a. Hajji Yusif, a.k.a. Yusuf Abu-al-Karkh)), роден околу 1957 година во

Иран. Адреси: (1) Керманшах (Kermanshah), Иран, (2) Воена база Мехран (Mehran Military Base), Провинција Илам (Ilam Province), Иран.

14. ШАКУРАИ Али Голам (SHAKURI Ali Gholam), роден околу 1965 година во Техеран, Иран.

15. СОЛЕИМАНИ Касем (познат како Гасем Солејмани, познат како Касми Сулајман, познат како Касем Солејмани, познат како Касем Солаимани, познат како Касем Салимани, познат како Касем Солемани, познат како Касем Сулаимани, познат како Касем Сулемани) (SOLEIMANI Qasem (a.k.a. Ghasem Soleymani, a.k.a. Qasmi Sulayman, a.k.a. Qasem Soleymani, a.k.a. Qasem Solaimani, a.k.a. Qasem Salimani, a.k.a. Qasem Solemani, a.k.a. Qasem Sulaimani, a.k.a. Qasem Sulemani)), роден на 11.3.1957 година во Иран. Државјанин на Иран. Број на пасош: 008827 (Иран, дипломатски), издаден 1999. Титула: Генерал-мајор

II. ГРУПИ И СУБЈЕКТИ

1. „Abu Nidal Organisation“ (Организација Абу Нидал) — „ANO“ (позната како „Fatah Revolutionary Council“ (Револуционерен совет Фатах), позната како „Arab Revolutionary Brigades“ (Арапски револуционерни бригади), позната како „Black September“ (Црн септември), позната како „Revolutionary Organisation of Socialist Muslims“ (Револуционерна организација на муслимани социјалисти)).

2. „Al-Aqsa Martyrs' Brigade“ (Бригада на мачениците од Ал-Акса).

3. „Al-Aqsa e.V“.

4. „Babbar Khalsa“.

5. „Communist Party of the Philippines“ (Комунистичка партија на Филипини), вклучително „New People's Army“ — „NPA“, (Нова народна армија-НПА) Филипини.

6. „Directorate for Internal Security of the Iranian Ministry for Intelligence and Security (Директорат за внатрешна безбедност на иранското Министерство за разузнавање и безбедност)“.

7. „Gama'a al-Islamiyya“ (позната како „Al-Gama'a al-Islamiyya“) („Islamic Group“ — „IG“ (Исламска група-ИГ)).

8. „İslami Büyük Doğu Akıncılar Cephesi“ — „IBDA-C“ („Great Islamic Eastern Warriors Front“) (Фронт на големите исламски источни војници).

9. „Hamas“, вклучително „Hamas-Izz al-Din al-Qassem“.

10. „Hizballah Military Wing“ (Воено крило Хизбалах) (позната како „Hezbollah Military Wing“ (Воено крило Хезболах), позната како „Hizbullah Military Wing“ (Воено крило Хизбулах), позната како „Hizbollah Military Wing“ (Воено крило Хизболах), позната како „Hezballah Military Wing“ (Воено крило Хезбалах), позната како „Hisbollah Military Wing“ (Воено крило Хисболах), позната како „Hizbu'llah Military Wing“ (Воено крило Хизбу'лах), позната како „Hizb Allah Military Wing“ (Воено крило Хизб Алах), позната како „Jihad Council“ (Совет за џихад) (и сите единици кои му се подредени, вклучително и Организација за надворешна безбедност)).

11. „Hizbul Mujahideen“ — „HM“.

12. „Khalistan Zindabad Force“ — „KZF“ (Калистански сили Зиндабад).

13. „Kurdistan Workers' Party“ — „PKK“ (Курдска работничка партија - ПКК), (позната како „KADEK“, позната како „KONGRA-GEL“).

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ

14. „Liberation Tigers of Tamil Eelam" — „LTTE" (Тигри за ослободување на Тамил Еелам -ЛИТЕ).

15. „Ejército de Liberación Nacional" („National Liberation Army") (Национална армија за ослободување).

16. „Palestinian Islamic Jihad" — „PIJ" (Палестински исламски џихад - ПИЈ).

17. „Popular Front for the Liberation of Palestine" — „PFLP" (Народен фронт за осолободување на Палестина - ПФЛП).

18. „Popular Front for the Liberation of Palestine — General Command" (познат како „PFLP — General Command") (Народен фронт за осолободување на Палестина - Главна команда (познат како ПФЛП- Главна команда).

19. „Devrimci Halk Kurtuluş Partisi-Cephesi" — „DHKP/C" (познат како „Devrimci Sol" („Revolutionary Left") (Револуционерна левица), познат како „Dev Sol") („Revolutionary People's Liberation Army/Front/Party") („Револуционерна народна армија/фронт/партија за ослободување).

20. „Sendero Luminoso" — „SL" („Shining Path") (Осветлена патека).

21. „Teyrbazen Azadiya Kurdistan" — „TAK" (познат како „Kurdistan Freedom Falcons" (Курдски соколи на слободата), познат како „Kurdistan Freedom Hawks" (Курдски јастреби на слободата).

ДЕКЛАРАЦИИ, ЗАЕДНИЧКИ ПОЗИЦИИ И ДЕМАРШИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН КОИ СЕ ПРИДРЖУВА/ПРИФАЌА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОКАНА НА ЕУ



# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2019/25

**of 8 January 2019**

**amending and updating the list of persons, groups and entities subject to Articles 2, 3 and 4 of Common Position 2001/931/CFSP on the application of specific measures to combat terrorism, and repealing Decision (CFSP) 2018/1084**

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 27 December 2001, the Council adopted Common Position 2001/931/CFSP ([1]).

